Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 63, 1 јули 2011 година

јули 2011 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното поле психијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент/асистент за научната област кинезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област физиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област офталмологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за наставник во насловно звање доцент за наставно-научното поле клинички медицински науки, интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент за научната област германистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 28

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област историја на општа книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 30

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област историја на општа книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 38

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно - научната уметничка област кларинет на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 55

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област традиционални инструменти на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 66

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент во научната област меѓународно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 70

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник асистент за научната област право на Европска унија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 73

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област педагогија и образование на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 80

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната уметничка област виолончело на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 86

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 91

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Граматика на германскиот јазик – морфологија” од авторите доц. д-р Билјана Ивановска и доц д-р Нина Даскаловска од Филолошки факултет при Универзитет„Гоце Делчев“ - Штип ..... 97

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудовите „Скрипта за вежби по предметот Социологија на правото“ и „Практикум за вежби по предметот Социологија на правото“ од д-р Страшко Стојановски при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 98

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за интерна скрипта по предметот Заштита на животната средина од енергетски постројки од авторите д-р Златко В. Соврески од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев”- Штип и д-р Антон Чаушевски од феит при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје ..... 101

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по предметот Бањски туризам“ од доц. д-р Нако Ташков и м-р Дејан Методијески ..... 103

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЕДАГОГИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ НА ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на член 132, ст.2 од Законот за високото образование на РМ, а согласно со член 32 од Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип е распишан Конкурс за избор/реизбор на соработник во звање ***асистент*** за научната област ***педагогија и образование***.

По завршувањето на рокот за пријавување на кандидати по Конкурсот за избор на еден соработник во звање *асистент* за научната област *педагогија и образование* на Педагошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, објавен во весникот „Дневник" на 18 март 2011 год., Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет, на седницата одржана на 5 април 2011 година, донесе Одлука бр. 2102-71/4 за формирање на Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Марија Костова, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Институт по педагогија (претседател);
2. проф. д-р Емилија Петрова-Ѓоргева, Педагошки факултет при УГД – Штип, наставно-научна област педагогија (член) и
3. проф. д-р Соња Петровска, Педагошки факултет при УГД – Штип, наставно-научна област педагогија, образование на наставници, елементарно образование (член).

Комисијата утврди дека на распишаниот Конкурс се пријавија кандидатите м-р Деспина Сивевска, вработена на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип и м-р Билјана Максимова-Панова.

Врз основа на анализата на приложената документација и нашето познавање на кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Деспина Сивевска** е родена на 12 март 1978 година во Штип. Основно и средно образование завршува во родното место, по што се запишува на Педагошки факултет во Штип при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, каде дипломира во 2000 година и се стекнува со звање **дипломиран професор по одделенска настава**.

Истата година се запишува на постдипломски студии на Филозофскиот факултет во Скопје, на Институтот за педагогија. Постдипломските студии ги завршува со одбраната на магистерската тема со наслов „*Јавната и културната дејност и мултикултурализмот*" и се стекнува со звање **магистер по педагошки науки**. На Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, м-р Деспина Сивевска го пријавува и својот докторски труд со наслов „*Емоционалната клима и однесувањето на учениците*".

Во декември 2007 година се вработува на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип како асистент - соработник по предметите: Методика на наставата по природа и општество и Методика на наставата по математика на Одделот за одделенска настава.

М-р Деспина Сивевска учествува во неколку проекти и тоа:

- **Ран детски развој** во 2006 година;
- **Социјален развој на заедницата** во 2006 година (национални проекти кои се

реализирани по иницијатива и со финансиска поддршка на Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје);

– **Темпус проектот ЈЕП 40200-2005,** кој се реализираше на Педагошкиот факултет во Штип во соработка со Педагошкиот факултет во Скопје и Универзитетот за Југоисточна Европа на Универзитетот Гронинген, Холандија (2006-2009).

М-р Деспина Сивевска има реализирано студиски престој на Универзитетот Гронинген во Холандија во временскоит период од 18 до 28 јануари 2009 година, во рамките на претходно наведениот проект.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Научната и стручната активност на кандидатката м-р Деспина Сивевска ги опфаќа следниве научни и стручни трудови.

***Објавени трудови:***

1. Cackov K, **Sivevska D**., *Ecological learning in educational process in Balkan country - Bridge to become closer*, International Scientific Conference "EVROART" – Intercultural dialogue and integration, Blagoevgrad, Bulgaria, 12-13 May 2008.
2. **Сивевска Д.,** Стојанова Б*., Агресивно однесување на учениците - манифестација, детерминанти и превенција*, Меѓународна научно-практична конференција „Основното и предучилишно образование и воспитание - предизвик на 21 век", 23.05.2008 г. Штип.
3. **Сивевска Д.,** Цацков К, *Наставното ливче во функција на индивидуалната работа на ученикот - апликативност, творештво и самостојна работа*, Меѓународна научно-практична конференција, „Основното и предучилишно образование и воспитание - предизвик на 21 век", 23.05.2008 г. Штип.
4. Cackov K, **Sivevska D**.,*Teaching the subject teaching methods of Nature and Society studies in the function of ecological education*, The Third International Symposium of the Ecologists of the Republic of Montenegro (ISEM3), Herceg Novi, Montenegro, 8 – 12 October, 2008.
5. **Sivevska D.,** Cackov K., *Университет Климента – очаг славянской культуры и письменности/Климентовиот универзитет – расадник на словенската култура и писменост,* Международный научный симпозиум Славянские языки и культуры в современном мире, Москва, филологический факультет МГУ им. М. В. Ломоносова, 24–26 марта 2009 г. (http://www.philol.msu.ru/~slavmir2009/participants/?l=C).
6. **Сивевска Д.,** *Застапеноста на етничките малцинства во образовниот систем на Република Македонија – со посебен аспект кон ромската етничка група* (*Insensibleness of ethnic minority in educational system of Republic of Macedonia – with special aspect against Roman ethnical group)* 12th International Conference, *Inclusive Education in the Balkan Countries: Policy and Practice*, Ohrid, 25-27June 2009.
7. **Sivevska D**.,Stojanova, B.,*Life-long learning as need and challenge of education of 21 centuries*, International Conference of Education, Research and Innovation (ICERI 2009), Madrid**,** Spain, 16**-**18, November, 2009 (http://www.iated.org/concrete2/session_detail.php?session_id=287).
8. **Sivevska D**.,Stojanova, B., *Learning through computer games,* The 3rd International Conference on Advanced and systematic research, 3rd special focused symposium: Curriculums of early and compulsive education, Zadar, Croatia, 12th to 14th November 2009.
9. Cackov K, **Sivevska D**., *The need for application of information technologies in educational process,* The 3rd International Conference on Advanced and systematic research, 3rd special focused symposium: Curriculums of early and compulsive education, Zadar, Croatia, 12th to 14th November 2009.

   **Sivevska D.,** *Instigation and development of gifted in school*, World Conference of Educational Sciences, Bahcesehir University, Istanbul, Turkey, 4-8, February 2010 (http://www.wces2010.org/).

**Сивевска Д**., *Фактори кои влијаат врз креирањето на позитивна клима во училиштето (Factors affecting the creation of positive school climate)*, Петти научен собир на тема „ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ХУМАНО ОПШТЕСТВО", Охрид, 28 - 29 мај 2010.

Наведените трудови го покажуваат посебниот интерес на м-р Сивевска кон проблемите од методиката, што е нормално, ако се има предвид поблиската проблематика за која е бирана.

Последниот период од времето на коешто се однесува рецензијата која ја пишуваме за м-р Сивевска значи зголемен ангажман во изработката на пријавената докторска дисертација. Од увидот кој го имаме во оваа работа, со задоволство истакнуваме дека м-р Деспина Сивевска сериозно навлегла во проблемот што е предмет на нејзиното истражување и се надеваме на скоро завршување на истата.

Кандидатката **м-р Билјана Панова** завршува средно образование во ДСУ „Наум Наумовски Борче" - Пробиштип, насока Геолошки техничар. Завршува Педагошки факултет во Штип и магистерски студии на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи го предвид ангажмнот на м-р Деспина Сивевска во наставната работа на Педагошкиот факултет во Штип, како асистент по предметите **Методика на наставата по природа и општество** и **Методика на наставата по математика – научна област *педагогија и образование***, како и квалитетот на таа работа, примената на современите методи на работата со студентите, апликацијата на ЕКТС во својата работа, односот кон студентите и бројни други позитивни карактеристики кои м-р Сивевска ја прават современ универзитетски работник, како и учеството во проекти и објавените трудови и нивната сериозност, му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип **да ја избере м-р Деспина Сивевска** за асистент за научните области ***педагогија*** и ***образование.***

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марија Костова, с.р.**
**Проф. д-р Емилија Петрова-Ѓоргева, с.р.**
**Проф. д-р Соња Петровска, с.р.**

**Табела за вреднување на активностите на м-р Деспина Сивевска**

| | Вид на активност | Број | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | во земјава | во странство | |
| | **Наставно образовна дејност** | | | | |
| 1 | Реализација на вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 38 | 0,2 | | 7,6 |
| | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | | | | |
| 1 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 11 | Индивидуално 2 (бр. 6,11) 2*1 поен Коавторство 2 (бр. 2, 3) 2*1,3 поен | Индивидуално 1 (бр. 10) Коавторство 6 (бр.1, 4, 5, 7, 8, 9) 7*2 поени | 18,6 |
| 2 | Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | | 4 |
| 3 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно) | 3 | 2 (бр.2,11) 2*1,5поен | 1 (бр. 7) 1*2поени | 5 |
| 4 | Учесник на научен проект | 3 | 2*2 | 1*3 | 7 |
| 5 | Студиски престој во странство | 1 | | 8 | 8 |
| | | | | | 42,6 |
| | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | | |
| 1 | Член на факултетски орган/комисија | 1 | 2 | | 2 |
| | **Вкупно** | | | | **52,2** |